## Резиме на проектот

Проектот „**Медиа платформа за застапување**" ќе ги промовира заедничките напори на локалните граѓански организации и новинарите и ќе ги поврзува со носителите на одлуки со цел да се решат прашањата и проблемите на локалната заедница преку користење на единствен и иновативен пристап.

### ЦЕЛИ

**Општа цел:** Да се даде придонес кон овозможувачка околина за квалитетно истражувачко новинарство и зајакнување на соработката меѓу медиумите и граѓанските организации за зголемување на нивното влијание врз јавните политики и процесот на донесување одлуки

**Специфична цел 1:** Да се придонесе кон овозможувачка околина за истражувачко новинарство, врз основа на слободен и лесен пристап до веродостојни извори на информации и давање можност за придонес од страна на граѓанските организации и граѓаните

**Специфична цел 2:** Да се обезбеди можност за поврзување и зајакнување на клучните чинители, преку истакнување на нивната улога во застапувањето за проблемите на заедницата

**Специфична цел 3:** Да се зголеми интегритетот и капацитетот на медиумите и граѓанските организации и да им се овозможи да работат заедно кон дефинирање на приоритетите и да се изврши притисок врз носителите на одлуки за решавање на проблемите во заедницата

Проектот Медиа платформа за застапување е финансиран од Европската Унија преку ИПА програмата за граѓанското општество и медиуми 2014, а го спроведува Граѓанската асоцијација МОСТ во соработка со Институтот за мас медиуми и комуникации и Нова ТВ.

Повеќе информации за проектот достапни се на веб страната www.most.org.mk